тоа е крв од капиларите. Немој да го клањаш намазот онолку денови (во месецот) колку што вообичаено ти трае менструацијата, а потоа избањај се и клањај!‘“

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, се пренесува дека Фатима бинт Ебу Хубејш го прашала Аллаховиот пратеник, алејхи селам, кажувајќи му: „‚Имам постојано протекување на крв и не можам да се исчистам, дали да го оставам намазот?‘ Тој одговори: ‚Не, тоа е крв од капиларите. Немој да го клањаш намазот онолку денови (во месецот) колку што вообичаено ти трае менструацијата, а потоа избањај се и клањај!‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Фатима бинт Хубејш го прашала Аллаховиот Пратеник, алејхи селам: Постојано крвавам надвор од периодот на менструација. Дали во тој период ќе биде пропис на хајз во кој не се клања намаз? Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ѝ одговорил дека тоа е крв од истихаза. Таа крв укажува на здравствен проблем, бидејќи таа истекува од оштетена вената или крвен сад во матката, и дека тоа не е менструална крв. Ѝ кажа кога ќе се појави вообичаениот месечен циклус а пред да се разболиш од истихаза, во тој период немој да клањаш, да постиш или нешто друго што е забрането да се прави за време на месечниот циклус. А кога ќе заврши месечниот циклус во вообичаеното време, тогаш тоа е знак дека си чиста од хајз, избањај се комплетно за да ја тргнеш нечистотијата, а после тоа можеш да клањаш.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3029